РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-5575/
05-01-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.12/19), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител (анонимна пријава), на 45-та седница одржана на 30.12.2020 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата поднесена на 10.12.2019 година од непознат подносител (анонимна пријава) до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-5575/1 од 10.12.2019 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-5575/1 од 10.12.2019 година од причина што не се содржани доволно наводи за постоење сомневања за незаконити дејствија преземени од споменатите лица во пријавата.

Предметот да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-5575/1 од 10.12.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител (анонимна пријава).

Во пријавата не се наведени конкретни наводи за постоење сомневање за незаконитости преземени од повеќе лица, жители на -------, споменати во пријавата, кои вршеле различни функции во --------------- во периодот од 2006 година до 2016 година и во периодот од 2017 до 2019 година.

Со оглед на фактот дека во пријавата не се содржани доволно наводи за постоење сомневања за незаконити дејствија преземени од споменатите лица во пријавата, ДКСК не беше во можност да пристапи кон испитување на наводите и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај па од тие причини заклучи дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во пријавениот случај и предметот да се затвори и да се архивира. Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И. П.
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk